ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ®
БИТОЛА - Р. МАКЕДОНИЈА

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## Кон резултатите за период 01.01.2023-31.12.2023година

а) Во АД Фустеларко Борец Битола, сметководствените политики се применуваат конзистентно во текот на целата презентирана година, исто како и за претходниот период.

б) Во перидот 01.01.-31.12.2023 друштвото ги оствари следните резултати

во илјади ден

| | ПОЗИЦИИ | 2022 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | Приходи од продажба на домашен пазар | 208.391 | 211.761 | 102 |
| | Приходи од продажба на странски пазар | 84.752 | 144.589 | 171 |
| | ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | **293.143** | **356.350** | **122** |
| | | | | |
| | ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | **27.348** | **32.799** | **120** |
| | | | | |
| | БРУТО/НЕТО ДОБИВКА | **36.470** | **49.957** | **137** |

Во пресметковниот период приходите од продажба се зголемени за 22% споредбено со ланската година, а извозот учествува со 40% од реализацијата.

Финансиските приходи се зголемени за 20% во споредба со истиот период минатата година. Во овие приходи влегуваат приходите од државни поддршки и се однесуваат на рефундираните парични средства од државата по основ даноци и придонеси за вработување на инвалидни лица. Во овие приходи влегуваат и дополнителни одобренија од добавувачи, од наплатени штети, од вишоци по попис, приходи од продажба на материјални средства и приходи од донации.

Добивката за периодот е зголемена за 37%, исто и оперативната добивка е повисока од лани истиот период.

в) Во перидот 01.01.-31.12.23 друштвото ги направи следните расходи

во иљjади ден

| | ПОЗИЦИИ | 2022 | 2023 | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| | Набавна вредност на трговски стоки | 920 | 744 | 81 |
| | Трошоци за суровини и други материјали | 174.787 | 208.997 | 120 |
| | Услуги со карактер на материјални трошоци | 28.726 | 30.998 | 108 |
| | Останати трошоци од работењето | | | |
| | Трошоци за вработените | 65.865 | 79.786 | 121 |
| | Амортизација | 14.443 | 17.387 | 120 |
| | Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства | 20 | 552 | 2.760 |
| | Останати расходи од работењето | 320 | 390 | 122 |
| | ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | **285.081** | **338.844** | **119** |
| | | | | |
| | ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | **2.326** | **2.484** | **107** |
| | | | | |

Трошоците на производство односно оперативните расходи се зголемиле за 19% во пресметковниот период споредбено со претходниот, што компарира со приходите од продажба.

Финансиските расходи се расходи од годишни попусти-рабати, камати по кредити, курсни разлики и слични расходи.

г) Во 2023 година Друштвото исплати дивиденда по одлука од Собрание од 06.05.2023 , 150 бруто дивиденда по акција.

д) Во 2023 година се инвестира во машина за увелак, машина за Штанцање, машина за лепење,фасаден лим, епоксиден под во Офсет компјутерска мрежа.

ѓ) Долгорочните обврски по кредити се во износ од 17.187иљjади ден обезбедени од Шпаркасе банка АД Скопје, за набавка на опрема.

е) Во известувачкиот период планот се остварува со 91%, односно планирано е 2.400 t произведен картон(картонска амбалажа), а преработено е 2.187t.